Република Северна Македонија
Општинско средно училиште
ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ
Бр. 05-987/8
.12.2022 год
Велес

Друштво за трговија и услуги
ЕВРОСТИЛ извоз-увоз
Персиде и др. ДОО
Бр. 05-03/145
26-12-2022 год.
ВЕЛЕС

# ДОГОВОР

**Склучен на ден 26.12.2022година, во Велес помеѓу следните**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

**1.Општинско средно училиште „Јовче Тесличков“**,со седиште наул. „Кукушка“ бр. 37, Велес,застапувано од в.д. Директор Васко Трајковски, со ЕМБС 4025644во понатамошниот текст како Набавувач и

**2.Друштво за трговија и услуги ЕВРОСТИЛ извоз-увоз ДОО Велес,** ул. „Коле Неделковски“ бр.8, Велес, застапувано од управителот Зоран Спасевски,со ЕМБС **5366941**во понатамошниот текст како Носител на набавката.

## II. ДЕФИНИЦИИ (ОБЈАСНЕНИЕ НА ПОИМИТЕ)

**Член 1**

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следново значење:

1) **„Договорен орган“** - е субјект дефиниран во член 4 став 1 точки а), б), в), г) и д) од Законот за јавни набавки;

2) **„Носител на набавката“** - е понудувач или група на понудувачи кои склучиле договор за јавна набавка;

3) **„Договор за јавна набавка на стоки“** - претставува набавка на една или повеќе стоки, преку купување веднаш, купување со одложено плаќање или изнајмување со или без опција за купување на стоката;

4) **„Договорна цена“** - е цената која ја побарува Носителот на набавката како што е утврдено во овој Договор, вклучувајќи го и евентуалниот попуст што го дал;

5) **„Испорака“** - значи предавање на стоките од страна на Носителот на набавката на Договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој Договорот, на начин на кој Договорниот орган се стекнува со право на сопственост на стоките.

## III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ:

**Член 2**

Предмет на овој договор е сукцесивна годишна јавна набавка на стоки: **„Средства за одржување на зграда и опрема“**,по приложена спецификација. Постапката е спроведена како набавка од мала вредност со број на оглас**20361/2022,** објавен на ВЕБ страната на бирото за јавни набавки од 25.11.2022 година, со архивски број на одлуката за јавна набавка 05-987/1 од 25.11.2022година.

## IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот, е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## V. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Вкупната цена на договорот изнесува до **89.120,00 (осумдесетидеветилјадистодваесет) денари со вклучен ДДВ.**

Цените утврдени со договорот се фиксни и непроменливи за цело времетраење на договорот и истите се утврдени во спецификацијата која е составен дел од овој договор.

## VI. СКЛУЧУВАЊЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Договорот се смета за склучен од моментот на неговото потпишување од двете договорни страни. Времетраењето на овој Договор е една година од денот на склучување а престанува со целосно исцрпување на вредноста од член 4 од овој договор или во рок од една година од денот на неговото склучување.

## VII. ДИНАМИКА, НАЧИН И МЕСТО НА ИСПОРАКА НА СТОКИТЕ

**Член 6**

Договорот ќе се реализира согласно динамиката утврдена во одредбите од оваа глава.

**Член 7**

Носителот на набавката е должен предметот на набавката да го испорача на следниов начин: Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката по писмена нарачка од страна на Набавувачот и на адреса на Набавувачот.

**Член 8**

Носителот на набавката е должен предметот на набавка да го испорача во рок од 3 работни дена од писмена нарачка.

## VIII. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 9**

Во случај на доцнење со испораката на стоките од страна на Носителот на набавката, Набавувачот има право на надомест на штета и договорна казна во висина од 0,5% од вкупната цена во член 4 од овој договор за секој ден доцнење.

Договорната казна не може да надмине 5% од вкупната цена определена во член 4 од договорот.

Во случај на 2 (две) последователни неиспораки, Договорниот орган има право по предходно доставено писмено известување до Носителот на набавката за испорака на стоки во дополнително даден рок, да го раскине Договорот за испорака на овој вид стокисо проста изјаваи да склучи Договор со второрангираниот понудувач.

## IX. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 10**

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Набавувачот, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- количини со опис на стоката, дефинирани по елементи од договорот;
- единечни договорни цени на секој од елементите;
- вкупни цени по елементи;
- вкупна цена на фактурата.

## X. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 11**

Набавувачот се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го врши на следниов начин: по доставена фактура

Набавувачот се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го врши во рок од **45 (четириесетипет) дена** од денот на приемот на фактурата во архивата на Набавувачот, на сметка и банка за која писмено ќе го извести Носителот на набавката.

Прилог на фактурата е уредно заверена испратница.

## XI.РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

**Член 12**

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

## XII. КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

**Член 13**

Квалитативен и квантитативен прием на стокитеод член 2 од овој Договор врши Набавувачот, со документ (испратница) потпишана од двете договорни страни.

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката на Набавувачот во времето и на местото предвидено со овој договор.

Носителот на набавката ја извршил обврската од став 1 на овој член, по правило, кога стоката ќе му ја врачи на Набавувачот или ќе му предаде исправа со која стоката може да ја преземе.

**Член 14**

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката на Набавувачот во исправна состојба.

## XIII. ГАРАНЦИЈА НА КВАЛИТЕТОТ

**Член 15**

Носителот на набавката го гарантира квалитетот на испорачаните стоки во согласност со стандардите за ваков вид на набавки и дека испорачаните стоки во времето на примопредавањето се во согласност со квалитетот кој го гарантира производителот и дека немаат маани што ја оневозможуваат нивната подобност за редовна употреба, односно за употребата определена со договорот.

**Член 16**

Носителот на набавката се обврзува дека без надоместок ќе ги отстрани сите недостатоци на испорачаната стока.

## XIV. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 17**

Носителот на набавката се обврзува да ги испорача стоките опишани во член 2 на овој Договор, по рок и динамика на испорака утврден во глава VII од овој Договор.

**Член 18**

Носителот на набавката се обврзува дека договорените стоки ќе ги испорача со бараните карактеристики и квалитет.

## XV. ОБВРСКИ НА НАБАВУВАЧОТ

**Член 19**

Набавувачот е должен да ја плати цената на фактурата издадена од Носителот на набавката, по секоја испорака на стоките во рок од **45 дена** од денот на

доставувањето на фактура од страна на Носителот на набавката, пополнета на начин пропишан со тендерската документација.

## XVI. НАЧИН НА ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА СТОКАТА/ИТЕ

**Член 20**

Примопредавањето на стоката се состои во вршење на потребните дејствија за да биде возможно предавањето, како и превземањето на стоката.

**Член 21**

Носителот на набавката е должен да му ја предаде стоката на Набавувачот во времето и на местото предвидено со овој договорот.

Носителот на набавката ја извршил обврската за предавање на Набавувачот, по правило, кога стоката ќе му ја врачи или ќе му предаде исправа со која стоката ќе може да се преземе.

## XVII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 22**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи во државата.

## XVIII. ВИША СИЛА

**Член 23**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## XIX. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 24**

Сите спорови кои ќе произлезат од овој договор или во врска со него, ќе се решаваат пред надлежниот суд.

## XX. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 25**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска или нема да се придржува кон утврдениот квалитет, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или во спротивно да го раскине договорот.

**Член 26**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е за тоа писмено да ја извести другата договорна страна во рок од 30 дена.

**Член 27**

Со писменото известување се смета дека договорот е еднострано раскинат по истекот на отказниот рок од член 26.

По раскинувањето на Договорот, странките се должни да ги измират настанатите обврски до раскинувањето на Договорот.

## XXI. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 28**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 29**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 30**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока.

Прилог кон договорот: **Прилог 1**

**НОСИТЕЛ НА НАБАВКА**
**ДТУ ЕВРОСТИЛ ДОО**
Управител
Зоран Спасевски

**НАБАВУВАЧ**
ОСУ Јовче Тесличков
в.д. Директор
Васко Трајковски

Изработил:
Одобрил:

Прилог 1

| ред. бр. | ОПИС | един. мерка | Коли -чина | един. цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (4*5) | Вкупно ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | **МОЛЕРО-ФАРБАРСКИ МАТЕРИЈАЛИ** | | | | | |
| 1. | Бело акрилатно премазно средство на водена база од 5/1 до 15/1 | литри | 300 | 32,78 | 9.833,42 | 1.770,01 |
| 2. | Течен пигмент (тонер) за нијансирање од 0,2l до 4l | литри | 2 | 136,58 | 273,15 | 49,17 |
| 3. | Основна боја за дрво бела боја од 0,75ml до 5l | литри | 10 | 136,58 | 1.365,75 | 245,84 |
| 4. | Покривна боја за дрво бела боја од 0,75ml до 5l | литри | 10 | 191,21 | 1.912,05 | 344,17 |
| 5. | Разредувач за бои маслени, пакување од 0,9l до 5l | литри | 10 | 109,26 | 1.092,60 | 196,67 |
| 6. | Четка радијаторска за фарбање 2x9mm со ±5% отстапување од природни влакна и дрвена рачка од минимум 100 mm | парче | 2 | 60,09 | 120,19 | 21,63 |
| 7. | Четка права за фарбање 20x15mm со ±5% отстапување од природни влакна и дрвена рачка од минимум 100 mm | парче | 2 | 65,56 | 131,11 | 23,60 |
| 8. | Четка права за фарбање 40x15mm со ±5% отстапување од природни влакна и дрвена рачка од 100 mm со ±5% отстапување | парче | 2 | 60,09 | 120,19 | 21,63 |
| 9. | Четка права за фарбање 60x15mm со ±5% отстапување од природни влакна и дрвена рачка од 100 mm со ±5% отстапување | парче | 2 | 81,95 | 163,89 | 29,50 |
| 10. | Четка права за фарбање 100x15mm со ±5% отстапување од природни влакна и дрвена рачка од 100 mm со ±5% отстапување | парче | 2 | 98,33 | 196,67 | 35,40 |
| 11. | Корнер четка 2.5x20mm со ±5% отстапување од природни влакна и дрвена рачка од 100 mm со ±5% отстапување | парче | 5 | 180,28 | 901,40 | 162,25 |
| 12. | Телескопска рачка за белење од минимум должина 2m | парче | 1 | 180,28 | 180,28 | 32,45 |
| 13. | Валјак мал за фарбање ширина минимум 90mm, пречник Ø45mm | парче | 2 | 54,08 | 108,17 | 19,47 |
| 14. | Валјак голем за фарбање ширина минимум 230mm, пречник Ø45mm | парче | 6 | 158,43 | 950,56 | 171,10 |
| 15. | Рачка за валјак од минимум 400 mm | парче | 2 | 81,95 | 163,89 | 29,50 |
| 16. | Шпакла од 50 mm со ±5% отстапување и пластична рачка од 100mm до 150 mm | парче | 2 | 65,56 | 131,11 | 23,60 |
| 17. | Шпакла од 100 mm со ±5% отстапување и пластична рачка од 100mm до 150 mm | парче | 2 | 98,33 | 196,67 | 35,40 |
| 18. | Глетарица метална ростфрај со димензии 180mmx 320 mm со ±5% отстапување | парче | 1 | 65,56 | 65,56 | 11,80 |
| 19. | Асидно, трајно и еластично лепило-силикон бела боја од 0,1l до 0,28l | литри | 5 | 191,21 | 956,03 | 172,08 |
| 20. | Лепак за дрво од 0,5kg до 1kg | kg | 1 | 136,58 | 136,58 | 24,58 |
| 21. | Гипсано лепило од 1kg до 25kg | kg | 25 | 24,58 | 614,59 | 110,63 |
| 22. | Гипс од 1kg до 5kg | kg | 5 | 24,58 | 122,92 | 22,13 |
| 23. | Глет маса за внатрешно глетовање од 5kg до 25кг | kg | 25 | 19,12 | 478,01 | 86,04 |
| 24. | Најлон за заштита при фарбање со минимум димензии 5000 x 4000 mm | парче | 10 | 35,51 | 355,10 | 63,92 |
| | **ЕЛЕКТРОДЕЛОВИ И МЕТАЛНИ ПРОИЗВОДИ** | | | | | |
| 1. | Флуо-цевка (Неонка) Т8, со минимум 18W, 220÷240 V, 600mm , неутрално бела | парче | 25 | 51,90 | 1.297,46 | 233,54 |
| 2. | Флуо-цевка (Неонка) Т8, со минимум 36W, 220÷240 V , 1200mm, неутрално бела | парче | 25 | 51,90 | 1.297,46 | 233,54 |
| 3. | Т-штек | парче | 5 | 98,33 | 491,67 | 88,50 |
| 4. | Стартери 4-22 од 4W до 65W | парче | 50 | 19,12 | 956,03 | 172,08 |
| 5. | Придушници за неонки од 1,2m, 36W, Σ=1,2 | парче | 5 | 98,33 | 491,67 | 88,50 |
| 6. | Светилки економични со минимум 20W, за грло Е27, бела боја, со минимум 220V, мин.1100 lm | парче | 50 | 158,43 | 7.921,36 | 1.425,85 |
| 7. | Продолжен кабел – котур тркало 30 м. | парче | 1 | 546,30 | 546,30 | 98,33 |
| 8. | Грла за светилки порцелански големина Е27 | парче | 20 | 38,24 | 764,82 | 137,67 |
| 9. | Електроди 2,5 x 5 кг | парче | 1 | 81,95 | 81,95 | 14,75 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10. | ОГ штек шуко, монофазен со минимум 220V | парче | 10 | 81,95 | 819,45 | 147,50 |
| 11. | Лустер клеми, пластични, мин. 4mm | парче | 20 | 43,70 | 874,08 | 157,33 |
| 12. | Изолир лента ширина 19mm со ±5% отстапување и должина 20000mm со ±5% отстапување | парче | 5 | 40,97 | 204,86 | 36,88 |
| 13. | Фазомер 500W | парче | 1 | 27,32 | 27,32 | 4,92 |
| 14. | Топливи осигурачи 25А | парче | 30 | 21,85 | 655,56 | 118,00 |
| 15. | Светлечка арматура 2x36Wминимум IP 65 или еквивалентно до 1,2m, надградна | парче | 2 | 163,89 | 327,78 | 59,00 |
| 16. | Светлеча арматура 2x36W до 1,2m, надградна | парче | 2 | 355,10 | 710,19 | 127,83 |
| 17. | Брава за ПВЦ врата за цилиндар 40x92x16mm | парче | 10 | 437,04 | 4.370,41 | 786,67 |
| 18. | Цилиндар за ПВЦ врата 80mm со клучеви пониклован | парче | 10 | 437,04 | 4.370,41 | 786,67 |
| 19. | Рачки за ПВЦ врата од 100mm до 150 mm | парче | 10 | 191,21 | 1.912,05 | 344,17 |
| 20. | Електроди за електро заварување рутилни дебелина 2,5mm | kg | 7 | 152,96 | 1.070,75 | 192,73 |
| 21. | Брусна плоча за стругање метал 115 x 1.0 x 22.23mm | парче | 20 | 38,24 | 764,82 | 137,67 |
| 22. | Бургија за дрво напречен пресек 3mm должина на спирална бургија 100mm | парче | 10 | 24,58 | 245,84 | 44,25 |
| 23. | Бургија за дрво напречен пресек 4mm должина на спирална бургија 100mm | парче | 10 | 27,32 | 273,15 | 49,17 |
| 24. | Бургија за дрво напречен пресек 5mm должина на спирална бургија 100mm | парче | 10 | 35,51 | 355,10 | 63,92 |
| 25. | Бургија за дрво напречен пресек 6mm должина на спирална бургија 100mm | парче | 10 | 36,06 | 360,56 | 64,90 |
| 26. | Бургија за метал напречен пресек 13mm должина на спирална бургија 100mm | парче | 10 | 5,46 | 54,63 | 9,83 |
| 27. | Катанец минимум 80mm | парче | 5 | 114,72 | 573,62 | 103,25 |
| 28. | Ракавици кожени заштитни | пар | 10 | 81,95 | 819,45 | 147,50 |
| 29. | Поп нитни 4,8x20mm | парче | 500 | 1,64 | 819,45 | 147,50 |
| **МАТЕРИЈАЛИ ЗА ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА** | | | | | | |
| 1. | Чешма обична месингана ½ col | парче | 10 | 245,84 | 2.458,35 | 442,50 |
| 2. | Мијалник керамички 600 mm x 470 mm со ± 5% отстапување, со класичен дизајн | парче | 2 | 491,67 | 983,34 | 177,00 |
| 3. | ВЦ казанче за вода високо монтажно до 130mmx350 mmx400 mm, бело, волумен од 8 до 10 литри | парче | 5 | 1.037,97 | 5.189,86 | 934,17 |
| 4. | Сифон растеглив пластичен за одвод за мијалник ∅32, од 250 mmдо 300 mm | парче | 10 | 120,19 | 1.201,86 | 216,34 |
| 5. | Панцир црево ½ col , мин. 50cm | парче | 5 | 136,58 | 682,88 | 122,92 |
| 6. | Вентил за радијатор ½ col | парче | 5 | 54,63 | 273,15 | 49,17 |
| 7. | Тефлон лента ширина 12mm со ±5% отстапување должина 12mсо ±5% отстапување | парче | 10 | 43,70 | 437,04 | 78,67 |
| 8. | Материјал за подобрување на лепливоста на малтери и бетони 1000 ml со ±5% отстапување | литри | 10 | 185,74 | 1.857,42 | 334,34 |
| 9. | Бандаж лента ширина 80mmсо ±5% отстапување, должина 50m со ±5% отстапување , бела боја | парче | 1 | 81,95 | 81,95 | 14,75 |
| 11. | Гумички за чешми1/2 цол | парче | 50 | 2,73 | 136,58 | 24,58 |
| 13. | Наставак за чешма никлован ½ 4cm (Мув) | парче | 20 | 54,63 | 1.092,60 | 196,67 |
| 14. | Диспензер за течен сапун со минимум димензии 288 x 75 x 104 mm | парче | 15 | 136,58 | 2.048,63 | 368,75 |
| 15. | Метла пластична со рачка од мин. 30 cm | парче | 30 | 142,04 | 4.261,15 | 767,01 |
| 16. | Вентил за казанче | парче | 5 | 158,43 | 792,14 | 142,58 |
| | | | | ВКУПНА ЦЕНА БЕЗ ДДВ | 75.525,00 | |
| | | | | ДДВ | 13.594,50 | |
| | | | | ВКУПНА ЦЕНА СО ДДВ | 89.119,50 | |